Архивски број: 03-10101/1
Датум:
14-09-2023

Трговско друштво за промет и услуги
АСКОМ ДООЕЛ експорт-импорт
Бр. 01-0302/39
14.09 2023 год.
Скопје

ДОГОВОР
за јавна набавка на стоки -
компјутерски потрошен материјал

Склучен помеѓу:

1. МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ, со седиште на ул.„Даме Груев", бр.12 - Скопје, претставувано од Dr.Fatmir Besimi, министер за финансии, во натамошниот текст: договорен орган и
2. Трговско друштво за промет и услуги АСКОМ ДООЕЛ експорт-импорт Скопје, со седиште на булевар „АВНОЈ", бр.70/52 во Скопје, претставувано од Горан Алексовски, управител, во понатамошниот текст: носител на набавката.

## I. ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ

Член 1

Предмет на овој договор е набавка и испорака на компјутерски компоненти и галантерија за потребите на Министерството за финансии за период од 1 (една) година, по спроведената поедноставена отворена постапка за компјутерски потрошен материјал по оглас бр.08502/2023.

Член 2

Испораката на стоките што се предмет на овој договор ќе се врши според видовите, количините, единечната мера и единечните цени кои се дадени во Листата на компјутерски компоненти и галантерија за потребите на Министерството за финансии (Прилог 1) кон овој договор.

Во зависност од потребите на договорниот орган ќе се набавуваат компјутерски компоненти и галантерија во рамки на проценетата вредност при што некои ставки може да се порачаат во неколку количини а некои ставки може воопшто да не се порачаат.


Министерство за финансии Република Северна Македонија
Ministria e Financave Republika e Maqedonisë së Veriut
Ул. „Даме Груев" бр.12, Скопје
Rr. „Dame Gruev" nr.12, Shkup
+389 2 3255 637
www.finance.gov.mk

## II. ВРЕДНОСТ НА ДОГОВОРОТ

Член 3

Вкупната максимална вредност на договорот е 800.000,00 денари, без пресметан данок на додадена вредност, или до вредносно исполнување на договорот.

Данокот на додадена вредност изнесува 144.000,00 денари.

Вкупната максимална вредност на договорот со пресметан ДДВ изнесува 944.000,00 денари.

Единечните цени дадени во Прилог 1 кон овој договор се фиксни и непроменливи за целото времетраење на договорот и ги опфаќаат сите трошоци што ги има носителот на набавката до испораката од магацинот на локацијата посочена од договорниот орган.

## III. ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ДОГОВОРОТ.

Член 4

Договорот се склучува за времетрање од 1 (една) година сметано од денот на потпишувањето на договорот од двете договорни страни, или до неговото вредносно исполнување.

## IV. ГАРАНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТНО И НАВРЕМЕНО ИЗВРШУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

Член 5

Услов за потпишување на договорот со носителот на набавката е обезбедување банкарска гаранција од страна на избраниот најповолен понудувач за квалитетно и навремено извршување на договорот во висина од 10% од вкупната максимална вредноста на склучениот договор со пресметан ДДВ.

Гаранцијата се доставува во вид на банкарска гаранција во писмена форма или во електронска форма доколку е издадена како таква од банката во изворно оригинална форма. Гаранцијата треба да биде поднесена во оригинална форма. Копии не се прифаќаат.

Банкарската гаранција треба да биде безусловна, неотповиклива и на прв повик наплатлива од страна на договорниот орган.

Гаранцијата за квалитетно и навремено извршување на договорот ќе биде со важност до целосното реализирање на договорот.

Банкарската гаранција за квалитетно и навремено извршување на

договорот ќе биде во валутата на која гласи договорот.

Гаранцијата за квалитетно и навремено извршување на договорот треба да биде издадена од банка.

Гаранцијата за квалитетно и навремено извршување на договорот се доставува по пошта или лично на лицето за контакт од тендерската документација.

Со гаранцијата за квалитетно и навремено извршување на договорот носителот на набавката гарантира дека предметот на договорот ќе го изврши на начинот и според динамиката предвидени во тендерската документација, односно техничката спецификација, доставената понуда и склучениот договор со договорниот орган.

Гаранцијата за квалитетно и навремено извршување на договорот ќе биде наплатена доколку носителот на набавката не исполни некоја од обврските од договорот за јавна набавка во рокот на стасаноста, за што писмено ќе го извести носителот на набавката.

Доколку договорот за јавна набавка е целосно реализиран согласно договореното, банкарската гаранција за квалитетно и навремено извршување на договорот договорниот орган му ја враќа на носителот на набавката во рок од 14 дена од целосното реализирање на договорот.

Гаранцијата за квалитетно и навремено извршување на договорот договорниот орган му ја враќа на носителот на набавката по пошта, лично во седиштето на носителот на набавката или лично во седиштето на договорниот орган.

Договорниот орган ќе ја наплати гаранцијата за квалитетно и навремено извршување на договорот и доколку дојде до негово еднострано раскинување поради неизвршување на обврските од договорот од страна на носителот на набавката.

## Член 6

Договорниот орган нема да бара активирање на банкарската гаранција за квалитетно извршување на договорот од банката која ја има издадено доколку носителот на набавката поради непредвидени околности (виша сила или други оправдани причини) не можел да ја изврши набавката што е предмет на овој договор, во кој случај носителот на набавката треба да достави писмено образложение до договорниот орган во кое ќе ги наведе причините за неизвршување или ненавремено извршување на набавката, а кое треба да биде писмено прифатено од договорниот орган.

Член 7

Доколку носителот на набавката не достави гаранцијата за квалитетно и навремено извршување на договорот, договорниот орган веднаш ќе го раскине потпишаниот договорот.

## V. ДИНАМИКА, РОК И НАЧИН НА ИСПОРАКА

Член 8

Носителот на набавката се обврзува во секое време да има на залиха 5% од количините од Листата на компјутерски компоненти и галантерија за потребите на Министерството за финансии за период од 1 (една) година.

Испораката на компјутерски компоненти и галантерија ќе се врши сукцесивно според периодичните потреби на договорниот орган по претходно доставени порачки до носителот на набавката во кои ќе бидат содржани видот и количината на компјутерските компоненти и галантерија и местото на испорака.

Порачката од став 2 на овој член треба да има потпис од овластен потписник, архивски број и печат.

Испораката на компјутерски компоненти и галантерија ќе се врши во седиштето на Министерството за финансии во Скопје, во 5 (пет) подрачни одделенија на Управата за имотно-правни работи со седиште во Скопје (Гази Баба, Карпош, Кисела Вода, Центар и Чаир) и во 26 подрачни одделенија на Управата за имотно-правни работи во други градови во државата и тоа: Берово, Битола, Велес, Виница, Гевгелија, Гостивар, Дебар, Делчево, Демир Хисар, Кавадарци, Кичево, Кочани, Кратово, Крива Паланка, Куманово, Неготино, Охрид, Прилеп, Пробиштип, Радовиш, Ресен, Свети Николе, Струга, Струмица, Тетово и Штип и во 17 (седумнаесет) Трезорски канцеларии на Министерството за финансии со седиште во Скопје, Битола, Велес, Гевгелија, Гостивар, Дебар, Делчево, Кавадарци, Кичево, Кочани, Куманово, Охрид, Прилеп, Струга, Струмица, Тетово и Штип.

Испораката на порачание компјутерски компоненти и галантерија во подрачните одделенија на Управата за имотно-правни работи и Трезорските канцеларии, ќе се врши сукцесивно по доставени порачки од страна на договорниот орган до носителот на набавката. Порачките за испорака на компјутерски компоненти и галантерија за Подрачните одделенија на Управата за имотно-правни работи и Трезорските канцеларии на Министерството за финансии, по правило, ќе се доставуваат на секои два месеца.

Носителот на набавката се обврзува нарачаните компјутерски компоненти и галантерија да ги испорачува во рок до 3 (три) работни денови за локациите во Скопје и до 7 (седум) работни денови за локациите во другите градови.

Член 9

Порачката за компјутерски компоненти и галантерија треба да содржи: вид на материјал што се порачува, единечна мера, количина, место на испорака и рок на испорака.

Секоја испорака на компјутерски компоненти и галантерија од страна на носителот на набавката која нема да биде во согласност со издадената порачка или ќе биде извршена без порачка од договорниот орган ќе се смета за неважечка, а трошоците нема да се признаат, односно ќе паднат на товар на носителот на набавката.

Член 10

Носителот на набавката е должен при испораката на нарачаните компјутерски компоненти и галантерија да издава испратница, пополнета во три примероци, која мора да ги содржи истите податоци како во порачката добиена од договорниот орган.

Компјутерските компоненти и галантерија што ќе се испорачуваат треба да се предаваат на лица задолжени за реализација на набавката во Министерството за финансии и во неговите трезорски канцеларии и во подрачните одделенија на Управата за имотно-правни работи.

Испратницата со полно име и презиме ја потпишуваат определените лица за реализација на договорот во Министерството за финансии и во неговите трезорски канцеларии и во подрачните одделенија на Управата за имотно правни работи и лицето што ги испорачува материјалите во име на носителот на набавката.

По еден примерок од испратницата се предава на договорниот орган, еден примерок задржува носителот на набавката за сопствени потреби и еден примерок заедно со фактурата се доставува до Министерството за финансии.

## VI. НАЧИН, УСЛОВИ И РОКОВИ НА ПЛАЌАЊЕ

Член 11

Договорниот орган ќе го врши плаќањето по секоја испорака на нарачаните компјутерски компоненти и галантерија извршена врз основа на писмена порачка, во рок од 30 календарски денови сметано од денот на приемот на фактурата кон која се приложени уредно потпишани испратници.

За сите извршени испораки според една порачка од договорниот орган, носителот на набавката доставува една фактура на име на Министерство за

финансии.

Доколку доставената фактура не ги содржи бараните податоци или кон неа не се приложени уредно пополнети и потпишани испратници нема да се реализира и ќе биде вратена на докомплетирање или дооформување.

Во фактурата задолжително треба да се наведе архивскиот број и датум на порачката од договорниот орган врз основа на која е извршена испораката.

Фактурирањето се врши според единечните цени од Прилог 1 кон договорот.

## VII.ОБВРСКИ НА НОСИТЕЛОТ НА НАБАВКАТА

### Член 12

Обврски на носителот на набавката се:

- да ги испорачува во рокот утврден во член 8 од овој договор;
- компјутерските компоненти и галантерија што ќе ги испорачува да бидат согласно со квалитетот, стандардите и другите податоци наведени во понудата и во Прилог 1 кон овој договор;
- компјутерските компоненти и галантерија што ќе ги испорачува да бидат од истиот тип, да ги има истите технички карактеристики и да бидат од производителите што ги посочил носителот на набавката во понудата;
- компјутерските компоненти и галантерија што ќе ги испорачува да бидат со висок квалитет.

## VIII. ОБВРСКИ НА ДОГОВОРНИОТ ОРГАН

### Член 13

Договорниот орган се обврзува редовно да ги плаќа уредно доставените фактури по секоја извршена порачка според рокот утврден во член 11 од овој договор.

Договорниот орган се обврзува дека по потпишување на договорот ќе му достави на носителот на набавката адресар на Подрачните одделенија и Трезорските канцеларии со лица за контакт.

Договорниот орган ќе врши контрола на артиклите што се испорачуваат во однос на соодветноста, квалитетот, производителот, типот и други податоци утврдени во Прилог 1 на овој договор.

Договорниот орган може при самата испорака да не прими одделни артикли ако утврди дека тие не се во согласност со ставот 3 од овој член.

Договорниот орган ќе ги врати компјутерските компоненти и галантерија за

кои при подоцнежната контрола или при нивната употреба ќе констатира дека не соодветствуваат на понудениот квалитет.

## IX. УСЛОВИ ЗА РАСКИНУВАЊЕ ИЛИ ПРЕКИНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

Член 14

Овој договор може да се раскине во согласност на двете договорни страни.

Член 15

Овој договор може да се раскине и еднострано поради непридржување на одредбите на договорот, а согласно со овој договор или закон.

Договорната страна која поради непридржување или неисполнување кон договорните обврски го раскинува договорот, должна е тоа да и го соопшти на другата договорна страна без одлагање во писмена форма.

Договорот се смета за раскинат со денот на приемот на известувањето за раскинување на договорот.

Доколку дојде до раскинување на договорот поради неисполнување или ненавремено исполнување на обврските на договорот од страна на носителот на набавката, покрај наплата на банкарската гаранција, носителот на набавката ќе биде одговорен за евентуалната штета што би ја предизвикал на договорниот орган како директна или индиректна последица на неговото работење.

Член 16

Кога една од договорните страни нема да ја исполни својата обврска, другата договорна страна, може да бара исполнување на обврските или да го раскине договорот, а во секој случај има право на надомест на штетата.

Член 17

Кога договорната страна нема да ја исполни својата обврска во определениот рок, другата договорна страна, може да и остави примерен дополнителен рок за исполнување на обврската.

Рокот од став 1 на овој член може да биде продолжен само по писмено барање на носителот на набавката и писмена согласност на договорниот орган.

Ако договорната страна која не ја исполнила својата обврска во определениот рок, не ја исполни обврската ни во дополнителниот рок, другата договорна страна може еднострано да го раскине договорот, и да ја наплати банкарската гаранција.

Доколку дојде до еднострано раскинување на договорот поради

неисполнување на обврските од договорот од страна на носителот на набавката, покрај наплатувањето на банкарската гаранција за квалитетно и навремено извршување на договорот, носителот на набавката ќе биде одговорен за евентуалната штета што би ја предизвикал на договорниот орган како директна или индиректна последица на неговото работење.

Член 18

Ако по склучувањето на договорот настапат околности што го отежнуваат исполнувањето на обврската на едната договорна страна или ако поради нив не може да се оствари целта на договорот, во таа мера што е очигледно дека договорот повеќе не им одговара на очекувањата на договорните страни и дека според општото мислење би било несправедливо, да се одржи во сила таков каков што е, страната на која и е отежнато исполнувањето на обврската, односно страната која што поради променетите околности не може да ја оствари целта на договорот може да бара договорот да се раскине.

Раскинување на договор не може да се бара ако страната што се повикува на променетите околности била должна во време на склучувањето на договорот да ги земе предвид тие околности или можела да ги избегне или да ги совлада.

Страната која бара раскинување на договорот не може да се повикува на променетите околности што настапиле по истекот на рокот определен за исполнување на нејзината обврска.

Договорот нема да се раскине ако другата страна понуди или се согласи соодветните услови од договорот да се изменат справедливо.

Член 19

Страната која бара раскинување на договорот поради променетите околности, должна е за својата намера да ја извести другата страна штом дознала дека настапиле такви околности, а ако тоа не го стори одговара за штетата што другата страна ја претрпела поради тоа што барањето не и било соопштено на време.

X. ВИША СИЛА

Член 20

Ниту една од договорните страни нема да биде одговорна кон друга за губитокот, повредата или неизвршувањето на одредбите на овој договор кои се предизвикани од виша сила дефинирана со Закон.

Под „виша сила“ се подразбираат настани или околности на кои договорните страни не можат да влијаат и се надвор од нивната контрола, а го

попречуваат нормалното извршување на договорот (елементарни непогоди, воени дејства, граѓански немири, штрајкови и сл.).

Вишата сила не вклучува настан што е предизвикан од небрежност или намерна активност што би предизвикала застој во извршувањето на обврските од договорот.

Ако една од договорните страни е спречена заради настапување на „виша сила" да ги извршува обврските според овој договор, должна е во рок од 24 часа писмено да ја извести другата страна, со наведување на причините за „вишата сила" и по можност обезбедување на соодветен доказ.

За време на траењето на „вишата сила"сите права и обврски од овој договор мируваат.

Договорните страни се обврзуваат на ист начин да ја известат договорната страна за повторното воспоставување на нормални услови за извршување на договорот, односно за престанокот на дејството на вишата сила.

По отстранувањето на „вишата сила" договорот продолжува да се реализира.

## XI. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

### Член 21

Изменувања и дополнувања на договорот можат да се вршат со заедничка согласност на договорните страни по писмен пат.

Договорната страна која бара измена и/или дополнување на договорот е должна своето барање до другата страна да го достави во писмена форма.

Договорот може да се изменува и дополнува со анекс на договорот потпишан од двете договорените страни во согласност со Законот за јавните набавки.

### Член 22

Ниту една договорна страна нема право своите обврски да ги пренесе на третата страна, без заемна писмена согласност.

### Член 23

За сé што не е предвидено со овој договор, се применуваат одредбите од Законот за облигационите односи, Законот за јавните набавки и од другите позитивни прописи во Република Северна Македонија.

### Член 24

Во случај на спор, договорните страни се согласни спорот да го решат спогодбено, а доколку во тоа не успеат, согласни се спорот да го решава предметно

надлежниот суд во Скопје.

Член 25

При секоја обработка на личните податоци во текот на реализацијата на овој договор, соодветно ќе се применуваат одредбите од Законот за заштита на личните податоци.

Член 26

Овој договор е составен во 4 (четири) еднообразни примероци од кои 2 (два) примероци за договорниот орган и 2 (два) за носителот на набавката.

Договорен орган:
Република Северна Македонија
Министерство за финансии
Скопје

Dr. Fatmir Besimi
Министер за финансии

Носител на набавката
Трговско друштво за промет и услуги
АСКОМ ДООЕЛ експорт-импорт
Скопје

Горан Алексовски
Управител

Изработил: Мариа Анѓелеска
Контролирал: Даниела Јанкова
Елизабета Калаџоска
Одобрил: Татјана Васева
Проверил: Daut Hajrullahi
м-р Маја Стаменковска Угриновска
Љубомир Јорданов
Согласен: д-р Јелена Таст

Прилог 1 - Листата на компјутерски компоненти и галантерија за потребите на Министерството за финансии

| РБ | ВИД НА АРТИКАЛ | Карактеристики | Понуден производ (Part Number) | НАЗИВ НА ПРОИЗВОДИТЕЛОТ | ЕДИНЕЧНА МЕРА | КОЛИЧИНА | ЕДИНЕЧНА ЦЕНА БЕЗ ДДВ |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
| 1 | Слушалки со микрофон Тип 1 | Frequency response: 20Hz - 20kHz Impedance: 32 Ohms Sensitivity. 105 dB ± 3dB Directivity: Omnidirectional Microphone sensitivity: -58 dB ± 3dB Interface: 2 x 3,5mm jack In-Line Volume control Гаранција: минимум 1 година | HS-201 | SBOX | парче | 1 | 590.00 |
| 2 | Слушалки со микрофон Тип 2 | Frequency response: 20Hz - 20kHz Impedance: 32 Ohms Sensitivity. 105 dB ± 3dB Directivity: Omnidirectional Microphone sensitivity: -58 dB ± 3dB Interface: 3,5mm combo jack (stereo+microphone) In-Line Volume control Гаранција: минимум 1 година | 599869857 | Natec | парче | 1 | 640.00 |
| 3 | Безжични слушалки со микрофон | Interface: Bluetooth v.3.0 + EDR Transmitting power: max 5 dB Rechargeable 320 mAh Li-ion battery Operation distance: up to 10 m in the open air Speaker diameter: 40 mm Speaker frequency response: 20 Hz - 20000 Hz Sensitivity: 93 dB Impedance: 32 Ohm Input voltage: 5 V DC Microphone: 360 degrees omni-directional USB charging cable length: 1 m Гаранција : минимум 1 година | BHP-WAW | Gembird | парче | 1 | 1,480.00 |
| 4 | Звучници за компјутер | Total Power Output: 2 x 3W RMS, USB Wired Connection, 3.5mm Audio Jack,Volume Control,Frequency Response: 150HZ-20KHZ Гаранција: минимум 1 година | SP-649 | SBOX | парче | 1 | 860.00 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 5 | WEB Камера | Max video resolution: 1920 x 1080 px Frames per second: 30 fps Horizontal viewing angle: 70 deg Microphone Automatic white balance (AWB), Capture audio signal, Capture video signal, Capture photos Interface USB Type-A Supported Operating Systems: Linux, MAC, Windows 10, Windows 7, Windows 8, Windows XP Гаранција : минимум 1 година | PCWC1080 | Platinet | парче | 1 | 1,890.00 |
| 6 | Надворешен диск Тип 1 | SSD storage capacity: минимум 500 GB Read speed: минимум 1000 MB/s Write speed: минимум 1000 MB/s USB connector: USB Type-C USB version: 3.2 Gen 2 (3.1 Gen 2) Supported Operating Systems: Linux, MAC, Windows 10, Windows 7, Windows 8, Windows XP Гаранција: минимум 1 година | XS2000 | Kingston | парче | 1 | 7,100.00 |
| 7 | Надворешен диск Тип 2 | SSD storage capacity: минимум 500 GB Read speed: минимум 500 MB/s Write speed: минимум 500 MB/s USB connector: USB Type-A USB version: 3.0,3.1,3.2 Supported Operating Systems: Linux, MAC, Windows 10, Windows 7, Windows 8, Windows XP Гаранција: минимум 1 година | Z Slim 500GB Type-C | Netac | парче | 1 | 6,800.00 |
| 8 | Надворешен диск Тип 3 | HDD storage capacity: минимум 1TB USB connector: USB Type-A USB version: 2.0.3.0,3.1,3.2 Supported Operating | SP010TBPHD 66SS3K | Silicon Power | парче | 1 | 4,900.00 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Systems: Linux, MAC, Windows 10, Windows 7, Windows 8, Windows XP Гаранција: минимум 1 година | | | | | |
| 9 | Внатрешен диск Тип 1 | Surveillance HDD min. 2TB SATA 6 Gb/s 3.5", Host to/from drive (sustained) min.145MB/s, Cache min.64MB, min.5400RPM, Load/Unload cycles min. 300 000, MTBF min. (hours) 1 000 000, Up to 64 Cameras Supported Гаранција: мини 1 година | HDWD220UZSVA мум | Toshiba | парче | 1 | 6,400.00 |
| 10 | Внатрешен диск Тип 2 | SSD min. min. 240GB SATA III 2.5" (минимум read 560MB/s минимум write 510MB/s) SATA Cable included Гаранција: минимум 1 година | SP256GBSS3A55S2 5 | Silicon Power | парче | 1 | 3,000.00 |
| 11 | Внатрешен диск Тип 3 | SSD min. min. 512GB SATA III 2.5" (минимум read 560MB/s минимум write 510MB/s) SATA Cable included Гаранција: минимум 1 година | SP512GBSS3A55S2 5 | Silicon Power | парче | 1 | 4,800.00 |
| 12 | Внатрешен диск Тип 4 | SSD min. min. 1TB SATA III 2.5" (минимум read 560MB/s , минимум write 510MB/s) SATA Cable included Гаранција: минимум 1 година | SP001TBSS3A55S2 5 | Silicon Power | парче | 1 | 6,800.00 |
| 13 | Внатрешен диск Тип 5 | min.240GB M.2 SSD; PCIe NVMe Gen 3 Interface PCIe Gen3x4 min. std read 3200mb/s write 3000mb/s Гаранција: минимум 1 година | SP256GBP34A80M 28 | Silicon Power | парче | 1 | 5,000.00 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 14 | Внатрешен диск Тип 6 | min.512GB M.2 SSD; PCIe NVMe Gen 3 Interface PCIe Gen3x4 min. std read 3200mb/s write 3000mb/s Гаранција: минимум 1 година | SP512GBP34A80M28 | Silicon Power | парче | 1 | 6,700.00 |
| 15 | Меморија Тип 1 | Меморија: 4GB DDR3 PC3-12800 1600MHz 240-pin DIMM Гаранција: минимум 1 година | SP004GBLTU160N02 | Silicon Power | парче | 1 | 2,200.00 |
| 16 | Меморија Тип 2 | Меморија: 8GB DDR3 PC3-12800 1600MHz 204-pin SODIMM Гаранција: минимум 1 година | SP008GLSTU160N02 | Silicon Power | парче | 1 | 3,100.00 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 17 | USB меморија Тип 1 | Memory stick min. 12GB max.17 GB USB 3.0, мин 130MB/s read, ми 40MB/s write, гаранциски период мин. 12 месеци | SP016GBUF3B02V1K | Silicon Power | парче | 1 | 490.00 |
| 18 | USB меморија Тип 2 | Memory stick min. 29 GB max.33 GB USB 3.0, Read speed мин 200 MB / s and writing speed мин 60 MB / s гаранциски период мин. 12 месеци | SP032GBUF3B02V1K | Silicon Power | парче | 1 | 520.00 |
| 19 | USB меморија Тип 3 | Memory stick min.60 GB max. 65 GB USB 3.0, min. speed: 250MB/s read, 180MB/s write гаранциски период мин. 12 месеци | SP064GBUF3B02V1K | Silicon Power | парче | 1 | 620.00 |
| 20 | USB меморија Тип 4 | Memory stick min. 125 GB max. 129 GB USB 3.0, min. speed: 250MB/s read, 180MB/s write гаранциски период мин. 12 месеци | SP128GBUF3B02V1K | Silicon Power | парче | 1 | 1,050.00 |
| 21 | USB меморија Тип 5 | Memory stick min.60 GB max. 65 GB USB 3.0, min. speed: 250MB/s read, 180MB/s write, Combo Port USB-A and USB-C гаранциски период мин. 12 месеци | SP064GBUC3C31V1K | Silicon Power | парче | 1 | 1,430.00 |
| 22 | USB меморија Тип 6 | Memory stick min. 125 GB max. 129 GB USB 3.0, min. speed: 250MB/s read, 180MB/s write, Combo Port USB-A and USB-C гаранциски период мин. 12 месеци | SP128GBUF3B06V1W | Silicon Power | парче | 1 | 2,480.00 |
| 23 | Оптички медиум Тип 1 | CD-R min.700 MB 52x (со мин. пластична опаковка поединечно) | 648200 | Maxell | парче | 1 | 28.00 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 24 | Оптички медиум Тип 2 | CD-RW min.700 MB min.12x (со мин. пластична опаковка поединечно) | 624860 | Maxell | парче | 1 | 49.00 |
| 25 | Оптички медиум Тип 3 | DVD-R min. 4.7GB (min.8x-16x) (со мин. пластична опаковк поединечно) | 638004 | Maxell | парче | 1 | 32.00 |
| 26 | Оптички медиум Тип 4 | DVD-RW min.4.7GB ( min.8x-16x) (со мин.пластична опаковка поединечно) | 275526 | Maxell | парче | 1 | 62.00 |
| 27 | Сет за чистење монитор и тастатура | Сет за чистење монитори и тастатура (computer liquid cristal screen cleaning set) со течност мин. 50мл, специјална крпа за бришење и четкица | KCL-018 | Opula | парче | 1 | 300.00 |
| 28 | Глувчиња | Глувче-оптичко scroll (USB) min. должина на кабел мин. 1.8 метар Гаранција: минимум 1 година | MUS-U-01 | Gembird | парче | 1 | 190.00 |
| 29 | Глувчиња | Глувче-оптичко scroll (USB-C) min. должина на кабел мин. 1.8 метар Гаранција: минимум 1 година | GY51D20879 | Lenovo | парче | 1 | 2,000.00 |
| 30 | Тастатура | Тастатура USB,црна боја , Full size 104-keys standard keyboard должина на кабел минимум 1.4 метар Гаранција: минимум 1 година | KB-U-103 | Gembird | парче | 1 | 420.00 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 31 | Адаптер Тип 1 | USB C-type male to HDMI female adapter<br>Allows to send audio-video from a mobile device with USB-C port to a HDMI monitor, TV, projector<br>Works on any device that has a video enabled USB Type-C port<br>Supports max. 4K*2K resolution (30MHz) ,Cable length: мин 15 cm<br>Гаранција: минимум 1 година | A-CM-HDMIF-01 | Gembird | парче | 1 | 1,060.00 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 32 | Адаптер Тип 2 | USB C-type male to DisplayPort female adapter<br>Allows to send audio-video from a (mobile) device with<br>USB-C port to a DisplayPort display, TV or projector<br>Works on any device that supports DisplayPort Alternate Mode (Alt Mode)<br>Supports max. 4K*2K resolution (60MHz),Cable length: мин 15 cm,<br>Гаранција: минимум 1 година | A-CM-DPF-01 | Gembird | парче | 1 | 1,890.00 |
| 33 | Адаптер Тип 3 | Male DisplayPort to female HDMI adapter cable , Interface:<br>DisplayPort v.1.2,Video resolution: up to 4K at 30 Hz,Chipset:<br>CH7530,Cable length: мин 15 cm, Гаранција: минимум 1 година | A-DPM-HDMIF-002 | Gembird | парче | 1 | 590.00 |
| 34 | Адаптер Тип 4 | Mini DisplayPort (male) to HDMI (female) adapter<br>Supports Apple MacBook (Air/Pro) and any HDMI<br>monitor or beamer<br>No additional power supply, software or drivers needed,Interface:<br>DisplayPort v.1.2, HDMI 1.3b,Video resolution: up to 1920 x 1200 x 60<br>Hz and 1080p, Гаранција: минимум 1 година | A-mDPM-HDMIF-02 | Gembird | парче | 1 | 700.00 |
| 35 | Адаптер Тип 5 | Active Combo Adapter USB Type-C (M) to x3 USB 3.0/RJ-<br>45/HDMI/SD/Micro SD/3.5mm,Interfaces: 3x USB 3.0 + 1x RJ45 + 1x<br>Stereo Jack + 1x Micro SD/SD/MMC + 1x HDMI & 1x USB Type C,Max. Data Transfer Rate: 5 Gbit/s,Connector: USB 3.0,Cable Length: мин 12 cm<br>Гаранција: минимум 1 година | 599876157 | Moye | парче | 1 | 5,000.00 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 36 | Адаптер Тип 6 | Interface: USB 2.0, forward compatible with USB 3.0 and USB 3.1<br>Connectors: USB Type-C (male), USB Type-A (female)<br>Data transfer rate: up to 480 Mb/s Гаранција: минимум 1 година | A-USB3-CMAF-01 | Gembird | парче | 1 | 180.00 |
| 37 | Адаптер Тип 7 | HDMI to DVI adapter, HDMI-female , HDMI: 19 pin receptacle,Easily convert HDMI into DVI<br>Gold plated contacts for a perfect connection<br>HDMI (A female) to DVI (male) adapter<br>DVI connector with practical mounting screws<br>Gold plated contacts<br>DVI: 18+1 pin male connector, Гаранција: минимум 1 година | A-HDMI-DVI-2 | Gembird | парче | 1 | 240.00 |
| 38 | Адаптер Тип 8 | Adapter with DVI-A 24-pin and VGA HD15 F connectors Гаранција: минимум 1 година | A-DVI-VGA-BK | Gembird | парче | 1 | 240.00 |
| 39 | Адаптер Тип 9 | Male DisplayPort to female DVI adapter cable , Interface:<br>DisplayPort v.1,Video resolution: up to 1920 x 1200 x 60 Hz,Cable<br>Length: мин 10 cm Гаранција: минимум 1 година | A-DPM-DVIF-002 | Gembird | парче | 1 | 1,000.00 |
| 40 | Адаптер Тип 10 | Mini DisplayPort male to female DVI adapter cable , Interface:<br>DisplayPort v.1,Video resolution: up to 1920 x 1200 x 60 Hz,Cable<br>Length: мин 10 cm Гаранција: минимум 1 година | CC-mDPM-DVIM-6 | Gembird | парче | 1 | 1,200.00 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 41 | Адаптер Тип 11 | HDMI male to VGA female adapter, single port<br>Connect your HDMI device to a VGA monitor<br>No external power required<br>Compact HDMI to VGA converter<br>Converts digital HDMI input into analog VGA output Up to 1920x1080@60Hz high bandwidth support, HDMI v.1.4 compliant<br>Output video resolution remains the same as input video resolution<br>Гаранција: минимум 1 година | A-HDMI-VGA-001 | Gembird | парче | 1 | 880.00 |
| 42 | Адаптер Тип 12 | USB 3.0 Type-A male to HDMI-A 19 pin female adapter, USB 3.0 to<br>HDMI video adapter cable<br>Supports resolutions up to 1920 x 1080 @ 60 Hz<br>USB powered, no external power source needed<br>Built-in drivers for quick and easy installation<br>Гаранција: минимум 1 година | A-USB3-HDMI-02 | Gembird | парче | 1 | 2,520.00 |
| 43 | Адаптер Тип 13 | USB 3.0 to Ethernet RJ45 LAN Gigabit Adapter 10/100/1000Mbps<br>Гаранција: минимум 1 година | NIC-U3-02 | Gembird | парче | 1 | 1,240.00 |
| 44 | Адаптер Тип 14 | USB C-type male to RJ-45 female adapter, USB C-type<br>Gigabit network adapter<br>Allows to connect to a 10/100/1000 Mbps LAN network<br>Plug the adapter into a USB port and connect the other side of the adapter through a LAN cable to the network,<br>Supported: IEEE 802.3x<br>802.1P, 802.1Q, 802.3az-2010, Гаранција: минимум 1 година<br>Chipset: RTL8153, Cable length: 15 cm | A-CM-LAN-01 | Gembird | парче | 1 | 1,490.00 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 45 | USB Bluetooth Тип 1 | Mini USB Bluetooth 4.0 adapter with high speed up to 3Mbps.<br>Simple pairing, good anti-jamming features, no need to down drive.<br>Dual-mode Bluetooth transfer.<br>Low-power selectable 1.2 to 3.6 VI/O.<br>Supporting Bluetooth voice data.<br>Supporting multi languages.<br>Backward compatible with Bluetooth v1.2/2.0/2.1/3.0. | BTD-MINI5 | Gembird | парче | 1 | 1,020.00 |
| 46 | USB Bluetooth Тип 2 | Bluetooth USB Dongle allows a computer with a USB port to communicate with other Bluetooth-enabled devices (such as PDAs, mobile phones, printers) wirelessly,<br>Bluetooth specification V2.0 & V1.2 compliant,<br>Operation range: 100m/320ft,<br>Built-in antenna,<br>Frequency band: 2.4GHZ unlicensed ISM band,<br>Plug-and-play installation,<br>Directly plug into the PC's USB port,<br>Supports Bluetooth voice data,<br>Supports Multi languages,<br>Super mini size:2.2cm(L)*1.8cm(W)*0.7cm(H) | 28569 | ASUS | парче | 1 | 1,020.00 |
| 47 | Кабел Тип 1 | Cable HDMI M/M 1m v.2.0 4K with ethernet ,Supports 3D TV and 4K<br>UHD resolution (max. 30 Hz)<br>Gold plated connectors for perfect image quality<br>Compatible with all devices that support HDMI<br>Гаранција:<br>минимум 1 година | CC-HDMI4L-1M | Gembird | парче | 1 | 340.00 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 48 | Кабел Тип 2 | resolution at<br>60Hz, 4K resolution at 60Hz<br>3D video<br>Audio Return Channel<br>Deep Color up to 16-bits per channel<br>x.v.Color™<br>High Definition Audio, including SA-CD, DVD-Audio, DTS-HD<br>Master Audio™, and Dolby TrueHD™<br>Compatible with: HDMI 2.0a downwards<br>Connectors: male x 2 pcs<br>Material: CCS AWG30, 15+1 conductors<br>Length: 1.8 m (6 ft)<br>Gold plated connectors for perfect image quality<br>Compatible with all devices that support HDMI<br>Гаранција:<br>минимум 1 година | CC-HDMI4-6 | Gembird | парче | 1 | 280.00 |
| 49 | Кабел Тип 3 | High speed HDMI M/M cable with ethernet, 3.0 m, CCS<br>High Speed HDMI cable with Ethernet<br>Supports 3D TV and 4K UHD resolution (max. 30 Hz)<br>Gold plated connectors for perfect image quality<br>Compatible with all devices that support HDMI<br>Гаранција:<br>минимум 1 година | CC-HDMI4L-10 | Gembird | парче | 1 | 380.00 |
| 50 | Кабел Тип 4 | High speed HDMI M/M cable with ethernet, 4.5 m, CCS<br>High Speed HDMI cable with Ethernet<br>Supports 3D TV and 4K UHD resolution (max. 30 Hz)<br>Gold plated connectors for perfect image quality<br>Compatible with all devices that support HDMI<br>Гаранција: минимум 1 година | CC-HDMI4L-15 | Gembird | парче | 1 | 440.00 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 51 | Кабел Тип 5 | HDMI v.1.4 male-male cable, 10 m, bulk package<br>-High-Definition Multimedia Interface (HDMI) digital audio/video interface cable<br>-Supports data transfer bandwidth of up to 10 Gigabits/sec<br>-Allows bi-directional communication between smart HDMI devices<br>-Supports 3D TV with video resolutions up to 3840 x 2160 pixels at<br>24/25/30 Hz and 4096 x 2160 at 24 Hz<br>-Supports HDMI Ethernet Channel 100 Mbps function (HEC)<br>-Supports Audio Return Channel technology (HARC)<br>Гаранција:<br>минимум 1 година | CC-HDMI4-10M | Gembird | парче | 1 | 1,280.00 |
| 52 | Кабел Тип 6 | USB Cable for Apple devices Lightning PowerLine+ 1.8m White w/Pouch | 43903 | Gembird | парче | 1 | 300.00 |
| 53 | Кабел Тип 7 | Cable USB 2.0 A-plug to Micro B-plug Flat 1m | CCP-USB3-AMBM-6 | Gembird | парче | 1 | 440.00 |
| 54 | Кабел Тип 8 | USB 3.0 AM to Type-C cable (AM/CM), 1 m | CCP-USB3-AMCM-1M | Gembird | парче | 1 | 400.00 |
| 55 | Кабел Тип 9 | HDMI to DVI male-male cable with gold-plated connectors, 3m,bulk package | CC-HDMI-DVI-10 | Gembird | парче | 1 | 560.00 |
| 56 | Кабел Тип 10 | Displayport (male) to HDMI (type A Male) cable 1.8m | CC-DP-HDMI-4K-6 | Gembird | парче | 1 | 820.00 |
| 57 | Кабел Тип 11 | Displayport (male) to HDMI (type A Male) cable 3m | CC-DP-HDMI-3M | Gembird | парче | 1 | 1,100.00 |
| 58 | Кабел Тип 12 | Mini Display Port to Display Port Cable 1.8m ,<br>DisplayPort v.1.2 resolutions up to 4K (3840 x 2160 pixels at 30 Hz) Гаранција:<br>минимум 1 година | CCP-mDP2-6 | Gembird | парче | 1 | 1,000.00 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 59 | Кабел Тип 13 | Mini Displayport (male) to HDMI (type A Male) cable 4K 1.8m , DP v.1.2 up to 3840*2160 30 Hz Гаранција: минимум 1 година | CC-mDP-HDM1-6 | Gembird | парче | 1 | 1,400.00 |
| 60 | Кабел Тип 14 | Apple Thunderbolt 3 (USB-C) Cable (0.8m),0.8-метарски кабел поддржува Thunderbolt 3 пренос на податоци до 40 Gbps, USB 3.1 Gen 2 пренос на податоци до 10 Gbps, DisplayPort видео излез (HBR3) и полнење до 100 W. Користете го овој кабел за поврзување на Mac со Thunderbolt 3 (USB-C) до Thunderbolt 3 уреди. | MQ4H2AM/A | Apple | парче | 1 | 4,800.00 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 61 | Кабел Тип 15 | Мрежен Кабел (Lan Cable),Specification:<br>Patchcord category 6 UTP (unshielded),<br>Length: минимум 5m ,<br>-AWG 24 (8*7*0.2mm),,PVC external insulation: 5.6mm, HDPE conductor insulation: 0.93mm, Works up to 250Mhz, Compatibility with standards ANSI/TIA/EIA-568B, Package: string bag.<br>Гаранција: минимум 1 година | CA379 | Natec | парче | 1 | 340.00 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 62 | Кабел Тип 16 | Apple Lightning to USB-C Cable,<br>Наполнете го вашиот iPhone, iPad или iPod touch кога е поврзан со USB-C влез.<br>Брзо наполнете го вашиот iPhone XS, iPhone XS Max, iPhone X iPhone 8, iPhone 8 Plus, iPad Pro 12.9-инчен (1-та генерација и подоцна), или iPad Pro 10,5-инчен кога е поврзан со Apple USB - C 18W, 29W, 30W, 61W или 87W адаптер.<br>Синхронизирајте го вашиот iPhone, iPad или iPod touch или импортирајте ги вашите фотографии кога сте поврзани со USB-C влезот на вашиот Mac или компјутер.<br>Можете да полните Apple додатоци како Magic Mouse, Magic Keyboard, или Magic Trackpad.<br>Користете го вашиот iPhone или iPad како Personal Hotspot кога сте поврзани со USB-C to Lightning кабелот. Гаранција: минимум 1 година | A1656 | Apple | парче | 1 | 3,400.00 |
| 63 | Кабел Тип 16 | Cable Stereo Plug 3,5mm 4pin to Double Stereo Sockets 3,5mm<br>Lanberg 20cm, Specification: Connectors: 1 x Jack 3.5mm 4pin male 2 x Jack 3.5mm 3pin female Example of application: Usage of headphones and microphone on 1 connection, Length: 0.20m<br>Гаранција: минимум 1 година | AD0023BK | Natec | парче | 1 | 300.00 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 64 | Продолжен напонски кабел<br>Тип 1 | Power strip with 5 sockets Suitable for current loads up to 10A / 2500W ,Suitable for current loads up to 10A / 2500W Ground in each socket ,Child safety cover built into each socket ,High quality nonflammable plastic housing ,Basic surge protection for connected devices.<br>Cable lenght 3m<br>Гаранција: минимум 1 година | SPG3-B-10C | Gembird | парче | 1 | 1,240.00 |
| 65 | Продолжен напонски кабел<br>Тип 2 | Power Protector Power Cube 4.5m 16A 5 Sockets ,Rating: up to 250 V AC, 16 A, safety class IP20,Maximum surge voltage 4,500 V, maximum spike current 4,500 A<br>Sockets: 5 pcs, German type<br>Cable length: 4.5 m Гаранција: минимум 1 година | SPG3-B-15C | Gembird | парче | 1 | 1,240.00 |
| 66 | Батерија Тип 1 | Оригинална батерија за PSION TEKLOGIX 7527C-G2<br>3.7V минимум 3000mAh или еквивалентно<br>Гаранција: минимум<br>1 година | WA3006 | PSION TEKLOGIX | парче | 1 | 4,000.00 |
| 67 | Батерија Тип 2 | Оригинална backup батерија за PSION TEKLOGIX 7527C-G2<br>3.7V минимум 140mAh или еквивалентно<br>Гаранција:<br>минимум 1 година | BP06-000310 | PSION TEKLOGIX | парче | 1 | 3,000.00 |
| 68 | SATA READER ADAPTER | ROLINE USB3.2 Gen1 to SATA 6.0 Gbit/s Adapter, 0.1<br>Compliant with USB 3.0 / USB 3.2 Gen 1, USB 2.0, USB 1.1<br>Compliant with SATA 6.0 Gbit/s, SATA 3.0 Gbit/s, SATA 1.5 Gbit/s<br>Гаранција: минимум 1 година | 12.02.1043-10 | Roline | парче | 1 | 1,680.00 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 69 | Комплет Алат | Рачка за лемење-леткум<br>Пумпа за одлемување<br>Прецизни шрафцигери (+/-) 2.5x755mm<br>Шрафцигери (+/-) 3x75mm<br>Шрафцигери (+/-) 5x75mm<br>Шрафцигери (+/-) 6x125mm<br>Клешта шпицангла, 5 "<br>Клешта сечица, 4.5 "<br>Извлекувач за интегрални кола<br>Клешта за оголување и сечење на жици<br>Мултиметар<br>Комплет имбуси<br>Калај<br>Кутија за чување компоненти<br>Пинцета (долга) | ZD-979B | PUCTEC | парче | 1 | 3,460.00 |
| 70 | Сет за отварање | Tool SEt Precision Baku Bk-7278 | Baku Bk-7278 | BAKU | парче | 1 | 800.00 |
| 71 | Алат | Xiaomi Mi Precision Screwdriver Kit -24 high-quality precision bits<br>Comfortable, non-slip handle<br>Aluminium alloy case<br>Magnetic storage container<br>Гаранција:<br>12 месеци | 599269958 | Xiaomi | парче | 1 | 2,020.00 |
| 72 | Клешти за лан кабел | X5TECH TOOL-1, RJ45 Crimp tool | 61502 | X5TECH | парче | 1 | 340.00 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 73 | Adapter LAN to USB Type-C | Adapter LAN to USB Type-C Specifications<br>Input: USB 3.1\3.0Type-C male<br>Output: RJ-45 female<br>Supported: IEEE 802.3x, 802.1P, 802.1Q, 802.3az-2010<br>Chipset: RTL8153<br>Cable length: 15 cm<br>Net weight: 22 g | 43345 | Gembird | парче | 1 | 1,680.00 |
| 74 | HDMI adapter | HDMI female to female extension adapter AHDMIFF - Specifications<br>-Dimensions: 29 x 24 x 12 mm<br>-Net weight: 12 g | 32897 | Gembird | парче | 1 | 160.00 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 75 | Cable Stereo Plug | Cable Stereo Plug 3,5mm 4pin to Double Stereo Sockets 3,5mm Lanberg 20cm - Specification:<br>- Connectors:<br>1 x Jack 3.5mm 4pin male<br>2 x Jack 3.5mm 3pin female<br>- Example of application: Usage of headphones and microphone on 1 connection, - Length: 0.20m, - Color: black. | 599870989 | Natec | парче | 1 | 160.00 |
| 76 | Cable Serial ATA 3 Data | Cable Serial ATA 3 Data & Power Combo Gembird - Specifications<br>SATA cable length: 35 cm<br>Power cable length: 13.5 cm<br>Net weight: 21 g | 42005 | Gembird | парче | 1 | 180.00 |
| 77 | Audio Adapter USB Type-C | ADAPTER SBOX 3.5MM F. - TYPE-C M. AD.TYPEC-3.5MM | 599872511 | SBOX | парче | 1 | 200.00 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 78 | SBOX HDMI-F to HDMI-M Adapter | AD.HDMI-F/M-90<br>ADAPTER SBOX HDMI 90°<br>HDMI -> HDMI 90° M/F<br>Connectors: Gold plated | 599265686 | SBOX | парче | 1 | 240.00 |
| 79 | HDMI female to mini-C male adapter | HDMI female to mini-C male adapter - Specifications<br>Dimensions 35 x 21 x 12 mm<br>Net weight: 9 g | 32176 | Gembird | парче | 1 | 300.00 |
| 80 | Cable VGA Spliter Gembird | Cable VGA Spliter Gembird 0.2m - Specifications<br>Connectors: 2 x HD15F, 1 x HD15M<br>Length: 0.2 m<br>Color: black | 36144 | Gembird | парче | 1 | 700.00 |
| 81 | USB to serial port conv | DB9M/USB A plug UAS-DB9M - Specifications<br>Includes Windows (WHQL), Mac and Linux drivers<br>Interface: USB 2.0<br>Connectors: USB A plug & DB9M<br>Chipset: PL2303TA<br>Transfer rate up to 125 Kbps<br>Length: 1.5 m | 38612 | Gembird | парче | 1 | 900.00 |
| 82 | External DVD-RW USB2.0 | Interface:USB 2.0<br>Power supply: 5V DC up to 1A<br>Supports: CD<br>DA, CD-R, CD-RW, DVD+R, DVD+R DL, DVD + RW, DVD-R, DVD-R<br>DL, DVD-RAM, DVD-ROM DL, DVD-RW, DVD-Video<br>Maximum read speeds:24x: CD-R, CD-RW, CD-ROM, CD-DA; 8x: DVD- | 43642 | Gembird | парче | 1 | 2,400.00 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | ROM, DVD+/-R, DVD+/-RW, M-Disc; 6x: DVD-RAM; 4x: DVD-Video Supported disc diameter: 80mm, 120mm maxNet weight:0.29kg System requirements: Windows 7/8/10 2 free USB ports | | | | | |
| 83 | Ladilnici za laptopi | Notebook Stand Platinet PLCP2FB up to 15.6"/2x Fan/2xUSB/Blue Led | 599872984 | Platinet | парче | 1 | 1,200.00 |
| 84 | RJ45 Connectors | RJ45 Crystal Head CAT5 LAN Network Connector 8P8C Gold Plated | RJ45-CAT5 | Gembird | парче | 1 | 10.00 |
| 85 | Меморија Тип 3 | Меморија: 8GB DIMM DDR3 PC3-12800 min 1600 Mhz Гаранција: минимум 1 година | SP008GBLTU160N02 | Silicon Power | парче | 1 | 1,780.00 |
| 86 | Меморија Тип 4 | Меморија: 8GB DIMM DDR4 min 2666MHz Гаранција: минимум 1 година | SP008GBLFU320X02 | Silicon Power | парче | 1 | 1,890.00 |
| 87 | Меморија Тип 5 | Меморија: 8GB SODIMM DDR4 min 2666MHz Гаранција: минимум 1 година | SP008GBSFU320X02 | Silicon Power | парче | 1 | 2,340.00 |
| 88 | Батерии ТИП 2 | Батериа: CR2032 3V Гаранција: минимум 1 година | CR2032 | Platinet | парче | 1 | 40.00 |
| 89 | Напојувања ТИП 1 | Напојувања: PSU Micro mATX 320W Гаранција: минимум 1 година | PSDA320 | Matrix | парче | 1 | 2,050.00 |
| 90 | Напојувања ТИП 2 | Напојувања: PSU Micro mATX 400W Гаранција: минимум 1 година | PSDA400 | Matrix | парче | 1 | 2,100.00 |
| 91 | Внатрешен Диск ТИП 7 | Внатрешен Диск: SSD M.2 512GB SATA3 min. 560/460 MB/s Гаранција: минимум 1 година | SP512GBSS3A55M28 | Silicon Power | парче | 1 | 3,890.00 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 92 | Внатрешен Диск ТИП 8 | Внатрешен Диск: SSD M.2 NV2 NVMe 512GB PCIe 4.0 x4 min 3500/2100 MB/s Гаранција: минимум 1 година | PCIe 4.0 x4 NVMe | Kingston | парче | 1 | 4,980.00 |
| 93 | Мрежен Кабел ТИП 16 | Мрежен Кабел: Cat8.1, S/FTP, RJ45, 2 GHz, 1 m Гаранција: минимум 1 година | CCGP85520WT10 | Nedis | парче | 1 | 680.00 |
| 94 | Стега за Кабел ТИП 1 | Стега за Кабел: 300 пар. x 4.8mm | CTS 12 | Fixapart | парче | 1 | 360.00 |
| 95 | Тестатура 2 | Тастатура USB-c ,црна боја , Full size 104-keys standard keyboard должина на кабел минимум 1.4 метар Гаранција: минимум 1 година | ST-UCSW3M | Satechi | парче | 1 | 3,990.00 |
| 96 | Црна Полиетилен Кабел Заврши Цевка | Flexible Black PE Polyethylene Spiral Cable Wire Wrap Tube 16mm | CMSW1316BK200 | Nedis | парче | 1 | 640.00 |
| 97 | Кабел Тип 18 | Мрежен Кабел-S-Link - Network Kablo - Sl-Cat608 - Cat. 6 - 305 Metre | 40957 | Natec | парче | 1 | 5,600.00 |
| 98 | Switch Тип 1 | 5 porti 10/100/1000 mbps | MS105G | TP-Link | парче | 1 | 1,480.00 |
| 99 | Switch Тип 2 | 8 porti 10/100/1000 mbps | MS108G | TP-Link | парче | 1 | 1,820.00 |
| 100 | Switch Тип 3 | 16 porti 10/100/1000 mbps | TEG1016M | Tenda | парче | 1 | 3,680.00 |
| 101 | Switch Тип 4 | 24 porti 10/100/1000 mbps | TEG1024D | Tenda | парче | 1 | 6,800.00 |
| 102 | Switch Тип 5 | 48 porti 10/100/1000 mbps | TEG1050F | Tenda | парче | 1 | 19,990.00 |